Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), член 47 став (1) алинеја 9 од Статутот на Општина Прилеп („Сл. гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021), а в.в. со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. Весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), и („Сл.весник на РСМ" бр.143/2019 и 14/2020) Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

**Правилник заспроведување на селекција на кандидатите и определување на критериуми за вработување на помошно – технички лица во Општина Оприлеп**

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на селекција на кандидатите и бодувањето во фазите на селекција, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапка за вработување на помошно-технички лица во Општина Прилеп.

**Член 2**

Селекцијата на кандидатите се состои од 2 (две) фази и тоа: административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервју.

**Член 3**

На закажаниот термин на административна селекција, од страна на Комисијата за селекција врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот.

**Член 4**

По комплетирањето на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојност на доказите. Доколку Комисијата се сомнева во веродостојноста на кој било од доказите, истата е должна да достави барање за дополнителна проверка кај органот, односно институцијата која го издала доказот, кој е должен во рок од 10 дена да и одговори.

Доколку при проверката се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за информатичко општество и администрација, кое води Регистар на лица кои дале лажни податоци за вработување во јавен сектор.

**Член 5**

Максималниот број на бодови за стручни квалификации кои кандидатот може да ги освои е 30 бодови и се добива како збир на бодовите од формалното образование - најмногу 30 бода.

Бодовите за формалното образование за кандидатите за помошно- тенички лица во Општина Прилеп се добиваат на следниот начин.

- Ако кандидатот има ниво на квалификации I според Македонската рамка на квалификации или основно образование (општ успех на кандидатот во основното образование x 5,6)

- Ако кандидатот има ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или средно образование,(општ успех на кандидатот во средното образование х 5,6) + 1;

**Член 6**

За извшената административна селекција, од страна на Комисијата за селекција се составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на административната селекција, број на оглас, датум на објава на огласот, во кои дневни весници е објавен огласот, институцијата за чии потреби е објаван огласот, а за секое различно место кое се огласува шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на пријавени кандидати, број на неуредни кандидати, број на уредни кандидати, број на кандидати кои продолжиле во втората фаза на селекција, име и презиме на претседателот и членовите на Коисијата или нивните заменици.

**Член 7**

Интервјуто на кандидатите се спроведува од страна на Комисијата за селекција со кандидатите кои ја поминале претходната фаза на селекција.

Интервјуто се состои од:

- општи прашања, преку кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работното место, прашања во врска со претходното работно искуство (ако имал) очекувањата на кандидатот за вработување и сл.
- ситуациони прашања, преку кои се проверуваат потребните општи работни компетенции,
- стручни прашања или практични задачи, преку кои се проверуваат посебните работни компетенции од делокугот на работното место;
- активно познавање на македонскиот јазик

На интервјуто кандидатот може да освои најмногу 20 бодови, односно најмногу 6 бода од општите прашања, најмногу 6 бода од ситуационите прашања, најмногу 6 бода од стручните прашања или практичните задачи и најмногу 2 бода од оценката на способноста на кандидатот за изразување и пришување на македонски литературен јазик.

**Член 8**

За спорведеното интрвју од страна на Комисијата се составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на интервјуто, број на оглас, датум на објава на огласот, во кои дневни весници е објавен огласот, институцијата за чии потреби е објаван огласот, а за секое различно работно место кои се огласува шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на кандидати со кои е спороведено интервју, број на кандидати кои не се појавиел на интервјуто, име и презиме на претседателот членовите на Комисијата или нивните заменици.

По спроведената постапка за селекција, за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале фазите на селекција.

Од ранг – листата на кандидати се избираат онолку кандидати со припадност на заедница согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

**Член 9**

Комисијата за селекција ранг листата на кандиати му ја доставува на Градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-1530/1
16.06.2021
Прилеп

Градоначалник
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп